Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Одлуката на Советот на Агенцијата за поништување на Одлуката бр.02-1723/1 од 06.03.2015 година, на Предлог на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-2692/9 од 06.04.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на седницата одржана на 06.04.2015 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се дава одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за потпишување на Анекс бр.2 кон Договорот за градење на административниот објект за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, а во врска со изведување на непредвидените работи при изградбата на објектот.

2. Со влегувањето во сила на Анексот бр.2 кон Договорот за градење од точка 1 од оваа Одлука, престанува да важи склучениот Анекс кон Договорот за градење, наш арх. бр.03-1724/1 од 06.03.2015 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на седницата одржана на 06.04.2015 година донесе Одлука за поништување на Одлуката, бр.02-1723/1 од 06.03.2015 година, со која Советот на Агенцијата му дал одобрување на директорот на Агенцијата за потпишување на Анекс наш бр.03-1724/1 од 06.03.2015 година, кон Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров", кој се гради за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, а во врска со изведување на непредвидените работи при изградбата на објектот, кој Анекс се склучил согласно Понудата на изведувачот, Друштво за производство, трговија, градежништво и услуги Декон-Ком ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, бр.18-726/14 од 23.02.2015 година, во износ од 10.371.520,80 денари без ДДВ односно 12.238.395,00 денари со вклучен ДДВ.

Во врска со горенаведеното, а согласно Известувањето до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставено од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Записникот од состанокот за разгледување на понуди, бр.18-726/17 од 27.03.2015 година (наш бр.03-2331/2 од 27.03.2015 година) и Записникот од отварање на понуда, бр.18-726/19 од 30.03.2015 година (наш бр.03-2331/3 од 31.03.2015 година), членовите на Комисијата на директорите на трите институции, инвеститори на административниот објект: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење

на Републиката – Скопје и Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, им предложиле да се склучи нов Анекс бр.2 на Договорот за градење на административниот објект "Палата Панко Брашнаров" на износот од Понудата на изведувачот, ДПТГУ Декон-Ком ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, бр.18 - 726/18 од 27.03.2015 година односно на износ од 7.480.021,00 денар со вклучен данок на додадена вредност, така што со влегувањето во сила на Анексот бр.2 кон Договорот за градење, престанува да важи склучениот Анекс кон Договорот за градење, наш арх. бр.03-1724/1 од 06.03.2015 година.

Следствено на горе наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Одлуката на Советот на Агенцијата за поништување на Одлуката бр.02-1723/1 од 06.03.2015 година, на предлог на директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-2692/9 од 06.04.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на седницата одржана на 06.04..2015 година донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-2770/1

07.04.2015 година

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**